советИ

# СОВЕТИ

## ЗА ПОДОБРА САБОТНА ШКОЛА





ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2019

*Сабота, 6 април 2018*

## 1. СЕМЕЈСТВОТО Е БОЖЈИ ИЗУМ

*Семејство* е прекрасен збор што предизвикува пријатни чувства кај повеќето луѓе од целиот свет. Прво нешто на кое луѓето помислуваат кога се во опасност или кога има нешто добро да се пренесе или прослави е токму семејството. Семејството прво ни доаѓа на ум кога сме одвоени од него, за извесно време, дали на училиште или на работа. Повеќето луѓе имаат длабока желба да ги прегрнат своите најблиски и да уживаат во семејната атмосфера на својот дом по долго отсуство. Точно е тоа дека, по Бога, семејството е секогаш најважната група луѓе кои во нас создаваат чувство на сигурност, заштита и топлина.

Семејното искуство не настанува случајно. Семејството е Божји изум за човечкиот род уште од самиот почеток на постоењето. Во него се стекнува идентитетот, името и традицијата. Семејството е составено од луѓе со кои воспоставуваме долгорочни односи и со кои често се чувствуваме најудобно. Од семејството, речиси секогаш, ние црпиме внатрешна движечка сила, која влијае на нашите цели и стремежи, па дури и на чувството на благосостојба – на тоа кои сме ние навистина или какви сакаме да станеме.

Кога размислуваме за семејството, помислуваме на родителите, браќата и сестрите, бабите и дедовците, тетките и чичковците, вујковците, вујните, тетките, стриковците, братучедите, сопружниците и децата. Понекогаш дури и добрите пријатели се сметаат за семејство.

Прва книга Мојсеева 1, 27.28 вака го опишува почетокот на семејството: „Бог го создаде човекот во Својот лик, Тој го создаде во Божјиот лик; ги создаде машко и женско. И Бог ги благослови и им рече Бог: ’Плодете се и множете се и наполнете ја земјата, и потчинете ја! Владејте над рибите во морето и над птиците во воздухот и над сите живи суштества што лазат по земјата!’“

Библијата - вдахнат запис, кој го опишува Божјето обраќање до човештвото - во првата глава од својата прва книга вели дека Бог

го создал семејство и ја нагласува исклучителната важност која оваа основна единица го имала за Бога и, според тоа, треба да го има и за нас.

И покрај Божјите планови за среќата на семејството, сите знаеме дека работите не се одвивале секогаш онака како што би требало. Сопругата и сопругот често не се сложуваат. Бракот, кој требал да трае додека смртта не ги раздели, често завршува со развод. Или врската дури и не прераснува во брак, а веќе доаѓа до развод, иако се родиле деца и доживеале голема болка. Родителите и децата често се лутат едни на други. Родителите сметаат дека не им се укажува должната почит, додека децата се чувствуваат контролирани или напуштени од оние кои би требало да се грижат за нив.

Ваквите искуства често знаат да збунат, бидејќи наместо она, за кое сметале дека ќе им донесе чувство на среќа, топлина и сигурност, за мнозина на овој свет денеска станува нешто сосема спротивно, а можеби дури и за нас кои седиме во црковните клупи.

Но и покрај тоа што се соочува со разочарувања и болки, драго ни е што можеме да ја споделиме оваа вистина со вас – дека за денешното семејство постои надеж. Ако луѓето се препуштат на популарните ставови во нашето општество, да мислат првенствено, па и секогаш само на себе - што можам да добијам, а не она што можам да го дадам – семејствата ќе продолжат да доживуваат болка, депресија, незадоволство, безнадежност и очај. Надежта се состои во новиот поглед на принципите коишто Бог ги наменил за луѓето, за да имаат семејства какви што Тој ги замислил. Но, покрај тоа ново согледување на принципите, потребна е и нивна примена за да се доживее радост, топлина и мир, а семејството е создадено токму за тоа.

Во текот на ова тримесечје ќе размислуваме за семејството и за Божјата првична замисла за него и за начелата коишто ги дал за нашите семејства да функционираат во согласност со неговата замисла.

*Сабота, 13 април 2018*

## 2. КАКО ВИЕ БИ ГИ ОПИШАЛЕ СВОИТЕ СЕМЕЈНИ ОДНОСИ?

Дали во Вашиот дом секојдневно владее задоволство и мир, или вашиот семеен живот повеќе наликува на улична борба која секојдневно се обидувате да ја избегате или да ја преживеете? Дали сметате дека напредувате во развивањето на посилно и поздраво семејство или сте гневни, лути, разочарани, вознемирени и сѐ пobеспомошни со секој нов ден?

Што можете вие лично да сторите за да ги сочувате односите од пропаст и од очигледно неуспешни тие да станат делотворни и исполнети со вистинска меѓусебна комуникација?

Факт е дека нема совршени семејства, бидејќи нема ни совршени луѓе. Според тоа, кога зборуваме за семејство кое е поврзано, ние не зборуваме за семејство без никакви проблеми. Наместо тоа, опишуваме семејство во кое членовите уживаат релативно високо ниво на задоволство и стабилност. Семејството во кое има здрава поврзаност - меѓу сопружниците, и меѓу родителите и децата – се стреми навремено да ги совладува судирите и одлучува да биде трпеливо, љубезно и полно со разбирање и проштавање. Иако не е лесна ваквата одлука, сепак вреди да се вложи труд во оваа насока, зашто тоа ќе придонесе за среќата, здравјето и квалитетот на животот во секое семејство што ја остварува.

За семејствата да бидат успешни и тој успех подолго да трае, важно е членовите на семејството да бидат посветени на секојдневна истрајност во примената, и секој нов ден одново и одново. Секој член на семејството мора да одлучи, секојдневно, на осмислен начин да се усогласува со останатите – слушајќи ги другите и покажувајќи трпение, тогаш кога му е многу полесно да постапи спротивно, бидејќи таква е нашата природа.

Кога ваквите постапки се практикуваат секојдневно, со текот на времето градат посилни и поздрави семејства и прават членовите на семејството да се чувствуваат сигурно, згрижено и безбедно, што ќе им овозможи многу полесно да се справат со тешкотиите кои неминовно ќе бидат дел од искуството на секое семејство.

Стручњаците за семејни односи често тврдат дека квалитетот на семејството зависи од квалитетот на комуникацијата на членовите во семејството. Обидот да се изградат силни семејни односи без здрава комуникација, тоа е како да се обидувате да направите сок од грозје без грозје. Тоа е едноставно невозможно. Здравата комуникација е основна вештина која е потребна за да воспостави и одржи силно семејно единство. Колку поблизок станува семејниот однос, толку повнимателна и поисполнета со почит мора да биде меѓусебната комуникација.

Стивен Кави, (Stephen Covey), водечки стручњак за семејни прашања, во својата книга „Седум навики на најуспешните семејства" (The 7 Habits of Highly Effective Families) го изнесува концептот за „проактивност" како вештина која треба да се користи за успешна и делотворна комуникација. Во суштина, оваа замисла кажува дека меѓу стимулот и одговорот – времето кога некој нешто ти кажува и времето како ти одговараш – треба да постои простор. А во тој простор секој член на семејството има слобода и моќ да го избере својот одговор – што ќе каже и како ќе го каже тоа. И тој одговор ќе го гради темелот на нивниот семеен разговор и семејна среќа. Меѓутоа, за овој концепт навистина да функционира и да може семејството успешно да комуницира, оваа вештина треба постојано да се практикува за да може да се научи и да стане вообичаена. Три нешта мора да се случат во просторот меѓу она што некој член на семејството ви го кажува и вашиот одговор на тоа:

1. Мора да *запрете* - наместо веднаш да одговорите на она што вашиот татко или мајка, ќерка или син, сопруг или жена ви го кажува, дајте си себеси време да се смирите.

2. Треба да *размислите* за она што треба или не треба да кажете.

3. Мора да *изберете* правилен одговор: таков што ќе донесе мир а не војна во дадената ситуација.

Квалитетот на вашиот семеен живот најмногу ќе зависи од квалитетот на вашата комуникација. Семејствата кои редовно разговараат едни со други и со нежност, доживуваат такво ниво на блискост какво што семејствата кои комуницираат ретко или непријатно едни со други никогаш не можат да го постигнат. Потребна е цврста решеност за да се изгради добро семејство. Но, ако нешто вреди да се прави, вреди да се прави добро. Затоа, доне-

сете одлука да комуницирате правилно, па ќе видите како вашето семејство цвета и напредува во деновите, неделите, месеците и годините што се пред вас.

*Сабота, 20 април 2018*

## 3. ПОВРЗУВАЊЕ

Бог го создал бракот и семејство за да им ја даде на луѓето потребната заедница во која ќе се чувствуваат поврзани. Иако тој процес има и свои проблематични моменти, сепак, има и оние кои ветуваат, овде и сега.

Божјиот план за бракот многу полесно се остварува кога брачните двојки го користат концептот наречен *емоционална банкарска сметка*. Емоционалната банкарска сметка е како и секоја друга банкарска сметка. Можете да подигнете пари само тогаш кога имате нешто на сметката. И сите знаеме што ќе се случи ако изадиме повеќе отколку што сме вложиле во нашата банкарска сметка – ќе завршиме со финансиски минус.

Истото ова важи и за нашиот брачен однос. Ако во бракот сакаме само да земаме, да земаме и да земаме, без претходно да придонесеме за доброто на брачниот другар, не можеме да очекуваме дека ќе добиеме нешто повеќе од брачниот однос. Кога сум љубезен кон мојот сопружник, вложувам на неговата емотивна банкарска сметка. Колку поголеми се емоционалните вложувања што ги правиш на емоционалната банкарска сметка на својот брачен другар, *побогата* ќе биде мојот однос. И обратно – ако се обидувам да извлечам што повеќе отколку да вложам – својот однос ќе го доведам до пропаст, до банкрот.

Следните шест начини на однесување можат да им помогнат на брачните двојки да ги усогласат својите брачни емотивни банкарски сметки. Оние кои се подготвени да спроведат барем еден од овие предлози, веднаш ќе видат подобрување на својот брачен однос:

**Престанете да го прогласувате својот брак нехармоничен!** Човечкиот мозок е склон да верува во она што му се кажува. Ако постојано велите дека вашиот брак е нехармоничен и нефункцио-

нален, ќе почнете да верувате во тоа. Вистина е дека секој брак може да се сврти на добро ако сопружниците веруваат во тоа и ако се решени да се вложат за да го зајакнат брачниот однос. Божјата реч ја кажува вистината: „Ако можеш да поверуваш – сè е можно за оној што верува!" (Марко 9,23)

**Молете се сесрдно за вашиот брак и за својот брачен другар**

Бог, Создателот, го создал бракот. Затоа, не само што е мудро, туку и од суштинско значење е да го задржите Него во центарот на вашиот брак. Барајте од Бога да го исцели вашиот брак, а потоа очекувајте чудо. Бог, „според силата што во нас дејствува, може да изврши изобилно сè што ќе побараме или помислиме" (Ефешаните 3,20). Ако сопружниците веруваат дека Бог е присутен – додека зборуваат еден со друг, дали навистина би кажале некои од работите што си ги кажуваат еден на друг? Или ќе одлучат да постапат според Божјите принципи, да бидат љубезни, трпеливи, промислени и да проштаваат.

**Научете и применувајте вештини на успешна комуникација**

Секој сопружник треба да претпочита со личниот однос и начин на комуницирање да го подобри квалитетот на врската. Голем број проблеми во бракот не се навистина проблеми. Многу прашања можат да се решат со одвојување време за меѓусебно слушање и покажување вистинско разбирање. Се навраќаме на мудроста што се наоѓа во Јаков 1,19, каде што пишува дека треба да бидеме брзи да слушаме, а бавни да приговориме и да се лутиме. Потребно е брачните двојки да разговараат смирено и отворено. Причината на огромниот пораст на разводи се наоѓа во недостигот од комуникација меѓу партнерите, цех на современата живеачка, трката, забрзаноста и нетрпението кои се почесто се главни деструктори на брачната заедница.

Пред да стапат во брак, двојките внимателно се грижат за тоа да бидат најдобри што можат – најдобар младич или најдобра девојка. Ако сопружниците го применуваат златното правило од Матеј 7,12, „и така, сè што сакате да ви прават луѓето, правете им и вие така", буквално ќе гледаат како нивниот брак оди по нагорна линија.

**Често простувајте**

Во бракот – во најблискиот однос – одвреме-навреме сопружниците ќе искусат повреда. Но, тие ќе мора да научат да си просту-

ваат еден на друг. (Овде не станува збор за болка поради злоупотреба. Ако доживувате каков било облик на физичко или емоционално малтретирање, ве молиме да побарате помош од оспособен советник или стручњак. Без таква помош, злоупотребата веројатно ќе стане уште полоша).

**Смејте се многу**

Старата поговорка „Насмевката е најдобриот лек", и денес сè уште звучи точно. Всушност, медицинските истражувања покажале дека смеењето има физиолошки и невролошки придобивки. Смеењето го намалува стресот, го стимулира имунолошкиот систем, го намалува крвниот притисок, ги спојува двојките заедно и меѓусебниот однос го одржува свеж. Многу расправи на брачните двојки се едноставно врзани за самата нивна личност. Сепак, тие, можат да научат да се смеат на ненамерните недоразбирања. Во Мудри изреки 17,22 се вели: „Веселото срце е одличен лек, а невеселиот дух ги суши коските".

*Сабота, 27 април 2018*

## 4. УСПЕШНО РОДИТЕЛСТВО

Подигнувањето на децата денес е посложено од кога било до сега. Обликувањето на карактерот на детето е многу поважно, бидејќи децата секојдневно се соочуваат со вредности спротивни на вредностите на нивните родители. Денеска децата се бомбардирани со збунувачки пораки преку медиумите, интернетот, од други возрасни лица и од своите врсници. Овие збунувачки пораки ги водат децата по пат кој ги прави да бидат неосетливи за многу општествени болести, како што се насилството, неморалот, злоупотребата и дискриминацијата.

Статистиките, кои се занимаваат со убиства меѓу тинејџерите, злоставувања во училиштата, училишни престрелки, самоубиства и злоупотреба на droги и алкохол, укажуваат на значајни промени во природата на детството. Затоа, на децата им е потешко да ги научат основните лекции за **самоконтрола, самопочит и емпатија** кон другите. Децата денеска се повеќе склони кон депресија, анкси-

озност и импулсивно однесување. Во исто време, постојат поголеми економски притисоци врз родителите, кои работат потешко и подолго, па им останува многу малку време за дружење со децата.

И покрај ваквите предизвици, родителите сѐ уште најдобро можат да ги заштитат децата од впуштање во ризично однесување, како што се употреба на дрога и алкохол, предбрачен секс и нарушувања во исхраната. Родителите, кои секојдневно се активно вклучени во воспитувањето на своите деца, со време, ќе ја добијат својата награда кога ќе видат дека нивните деца пораснале во здрави и одговорни возрасни луѓе. Иако родителството не е егзактна наука и нема никакви гаранции, родителите кои најголемиот дел од своето време го минуваат со своите деца, ќе имаат и поголема можност да влијаат на нив и да ги подготват за зрелоста, за живот во светот на возрасните.

Вредностите се важни верувања, заеднички за припадниците на еден народ или семејство, за тоа што е добро а што не. Вредностите вршат клучно влијание врз однесувањето на поединецот и служат како правила или насоки во сите ситуации. Некои од основните морални вредности се чесност, интегритет, почитување и одговорност кон другите.

**Вредностите се пројавуваат преку карактерот.** Карактер не е она што го кажуваме – туку она што сме. Тоа е начинот на кој живееме со нашите вредности. Затоа, ако му кажете на детето дека чесноста е важна вредност во вашиот дом, но во исто време му кажете да му пренесе на лицето кое тукушто ве бара на телефон дека не сте дома, а очигледно е дека сте, тогаш вашето дете ќе прифати дека чесноста нема некоја голема важност, ниту вредност.

Како да им помогнеме на нашите деца именките, како што се **великодушност, љубезност, промисленост, чувствителност, лојалност и сочувство,** да ги преточат во активни глаголи?

За родителот да успее, тој мора да сфати неколку вистини и да ги примени на својот однос кон децата. Како родители, првенствено и најважно, мора да разберете дека почитувањето е основа на моралноста – почит кон себеси, кон другите и кон Создателот на универзумот. Ако сакате да одгледате одговорни деца кои ги почитуваат вашите вредности, мора кон нив да се однесувате како кон човечки суштества.

Родители, сетете се дека делата зборуваат погласно од зборовите. Децата ги набљудуваат вашите постапки и сето она што го правите како нивни родители. Тие го впиваат и подоцна го имитираат начинот на кој живеат возрасните кои се важни во нивниот живот, како постапуваат и како се однесуваат кон оние околу нив. Примерот е мошне успешен учител. Но запомнете, давањето пример не налага совршенство. Давањето пример се состои во тоа децата да ја видат вашата посветеност кон моралните или христијанските идеали. Исто така, се состои и во постапките кои покажуваат што прават моралните луѓе кога ќе направат некоја грешка. Се состои и од извинување. Ова подразбира дека со вашите деца треба да разговарате отворено за тоа дека се борите да живеете во согласност со она што го *верувате*. Ако сте христијани и верувате во Христа, од суштинско значење е да им покажете на вашите деца како да живеат како што живеел Христос додека бил на оваа земја.

Родителите мора да направат нивните вредности да бидат видени и слушнати. Како што вели старата изрека: „Не треба само да го практикуваме она што го проповедаме, туку и да го проповедаме она што го практикуваме“. На децата им се потребни нашите зборови подеднакво како и нашите постапки. За влијанието да биде максимално, не само што мора да се научат вредностите, туку треба да ги знаат причините и верувањата што стојат зад нив. Родителите треба да водат, да даваат насоки, да слушаат и да советуваат.

*Сабота, 4 мај 2018*

## 5. ЉУБОВТА – ТЕМЕЛ НА СЕКОЈ ОДНОС

Во Новиот Завет читаме дека „Бог е љубов“ (1. Јованово 4,16). Ние сме тие што им ја откриваме Божјата љубов на нашите деца. Децата треба да бидат вкоренети и втемелени во љубовта, љубов каква што Бог покажува кон нас – безусловна љубов. Таква љубов која не очекува ништо за возврат. Оваа љубов им помага на нашите деца да развијат позитивна слика за себе, да стекнат чувство на вредност и да добијат внатрешна сила. Љубовта за којашто овде зборуваме е активна а не пасивна.

Во родителството, *љубовта* се огледува во посветено внимание, време, поддршка, поврзаност, поставени граници и преданост. Оваа вистинска, активна љубов нè поврзува со нашето дете или деца. Ваквата љубов ги учи децата да се сакаат себеси, а да ги сакаат и другите. На децата, а и на возрасните, кои не се чувствуваат сакани, им е многу потешко да се сакаат себеси, но и другите. На децата им е потребно да знаат дека сте ги сослушале и дека се доволно важни за да им посветите целосно внимание на она што имаат да ви го кажат. Ова прави да се чувствуваат сакани.

Не постои пократок пат во родителството, дури ни за зафатените родители. *Квалитетот* на заеднички поминатото време не се надоместува со минимален *квантитет*. Здравите семејства, колку и да се презафатени и со забрзано темпо, планираат да поминат одредено време заедно да јадат, да работат и да играат. Суштината е во следново: родителството бара посветување на време.

Родителите мора да го поттикнат ставот „јас можам да го сторам тоа", охрабрувајќи ги своите деца да испробаат нешто ново. Мора да научите да ги прославувате успесите и *неуспесите* да ги прогласувате само како *обиди кои ни зборуваат што е тоа што не дејствува*. Детето кое добива многу пофалби и признанија отколку критики и обвинувања, ќе порасне со позитивна слика за себе. Родителите, кои даваат обилна поддршка, им помагаат на своите деца да развијат чувство за себеси како способни и компетентни личности кои се залагаат за она што е исправно и на кои не им е потребно, по секоја цена, одобрување од групата. Децата кои сметаат дека се поддржани, помалку се подложни на негативниот притисок од своите врсници.

Едно е сигурно, љубовта и ограничувањето одат заедно. Овие два фактора се најзначајните предуслови за таквото родителство, кое прави децата да станат склони да ги прифатат вредностите на родителите и да воспоставаат топли, позитивни меѓусебни односи со другите. Најважно е тоа што децата мора да знаат дека не постои ништо, што и да кажат, направат или бидат, што би ги одвоило од љубовта на нивните родители.

Кога родителите ќе постават добри темели за позитивен и здрав развој на своите деца, тогаш децата ќе имаат најдобра шанса да станат личности какви што Бог имал во план тие да бидат. Вашето

дете ќе биде во состојба да го избере она што е добро кога ќе се соочи со тешка одлука и нема толку лесно го заведат мислењата на другите. Не само што ќе сфатат дека силниот карактер, заедно од емоционалната интелигенција, им помага ним лично, туку исто така е од голема полза и за семејството, црквата и општеството како целина, бидејќи даден им е основниот градежен материјал за да изградба на еден здрав живот.

*Сабота, 11 мај 2018*

## 6. КРИЗИ ВО БРАКОТ

Исус во Матеј 7,24-27, во својата Проповед на горoccata, го кажал следново: „И така, секој што ги слуша и ги исполнува овие Мои зборови, ќе биде како мудар човек кој си изградил куќа на камен. И заврна дожд и надојдоа реки, и дувнаа ветрови, и навалија на таа куќа, но таа не падна, зашто беше изградена на камен. А секој, што ги слуша овие Мои зборови и не ги исполнува, прилега на неразумен човек, кој си изградил куќа на песок. И заврна дожд, и надојдоа реки, и дувнаа ветрови, и навалија на таа куќа, и таа падна, а паѓањето ѝ беше страшно“.

Со овие зборови Исус го завршува своето излагање за етичките вредности на Божјето царство и за Неговите очекувања од оние што ќе станат Негови следбеници и од сите кои би избрале да го усогласат својот живот со вечните вредности.

Светоста на бракот јасно е истакната во Проповедта на гората. Матеј 5,27.28 вели: „Сте слушале дека на старите им било речено: ‚Не прељубодејствувај!’ Јас, пак, ви велам дека секој што ќе погледне на жена со желба, тој веќе извршил прељуба со неа во срцето свое.“

Мнозина, во оваа современа доба, заборавиле дека бракот го воспоставил Бог на самиот почеток од човечката историја како божествена институција од најголема важност, кога во 1. Мојсеева 2,18 рекол: „Не е добро за човекот да биде сам; да му создадеме помошник, сличен на него!” Само неколку стихови подоцна, Бог кажува: „Затоа човекот ќе ги остави татко си и мајка си и ќе се при-

лепи кон жената своја; и (обата) ќе бидат едно тело“ (стих 24).

А ако некој сака да каже дека ова е само старозаветна идеја, која повеќе не се однесува на нас денес, Новиот завет го повторува истиот овој текст уште три пати: во Матеј 19,5; Марко 10,7.8 и во Ефешаните 5,31, за да ја објасни Божјата замисла за бракот како најблиска, најтесна врска која би требало луѓето да ја воспостават.

Овие библиски пасуси се полни со непобитни барања, вклучително и тоа дека зборовите „маж“ и „жена“ се дадени во еднина, наместо во множина. Нормативниот библиски налог налага бракот да се склучува само меѓу еден маж и една жена, заштто во 1. Коринќаните 7,2 пишува: „Но, за да се избегне блудството, секој нека си има своја жена, и секоја жена свој маж.“ Сè што е повеќе или помалку од ова има човечко потекло и не го поддржува моделот воспоставен од Бога во Едемската градина. Секако, не можеме а да не го забележиме и фактот дека Божја намера била бракот да биде склучен еднаш засекогаш.

Несомнено, Бог го создал бракот и семејството да биде благослов и радост за човечките суштества. Единството, за кое зборува 1. Мојсеева 2,24 очигледно стоело наспроти човековата осаменост од 1. Мојсеева 2,18.20. Ова единство требало да биде за добро на човекот. Меѓутоа, сè што создал Бог за наше добро, злото се обидува да го уништи. Изгледа дека злото – чиј зачетник е сатаната – очевидно напредува преку многу сопрузи и сопруги кои целосно ја заборавиле Божјата намера во врска со бракот.

Затоа, ако вашиот брак и семејните односи не се баш најдобри, што можете да промените во вашето однесување за да бидете од благослов за вашиот брачен другар и семејството? Ако мислите дека е премногу тешко да направите промена, сетете се – со Бога сè е можно, и Тој ќе ви помогне да постигнете подобри меѓучовечки односи.

Да ги градите своите брачни и семејни врски на карпа, значи да ги практикувате учењата на Исуса Христа, наместо да ги градите вашите семејни врски врз песокот на вашите сопствени мислења или оние што ги нуди лабавиот морал на нашето време.

Запрашајте се себеси: дали го градите вашиот брак и семејство на карпа или на песок. Ако само правилно зборувате, но не живеете во согласност со тоа, зар не се залажувате себеси и ги пропушта-

те радоста, мирот и благословите коишто Бог сака да ги почувствувате во својот брачен и семеен живот?

Иако сме склони да заборавиме дека Божјиот план бил совршен и дека бил направен за наше добро, важно е да донесеме одлука да се приближиме кон Бога, да се поучиме од Него и да примаме сила да живееме според Неговите планови за нашиот живот. Бидејќи секоја криза во бракот и во семејството е и духовна криза која може да се реши само со Божја помош. Кога ги спроведуваме во практика принципите што Тој ги оставил да ги следиме, ние својот брак и семејство го градиме на цврст темел, наместо на песок. Ние, исто така, знаеме дека секоја криза во бракот и семејството претставува прилика за раст, а денес пред вас се одвора прилика да растете.

*Сабота, 18 мај 2018*

## 7. БЛИСКИ СОЈУЗНИЦИ

Некој еднаш рекол: „Лесно е да се стапи во брак. Да се остане во него е многу потешко. Да останеме среќни во бракот во текот на целиот живот, може да се смета за најголема уметност."

Не треба да бидете гениј за да ја разберете вистинитоста на оваа изјава. Ако само ги погледнете луѓето околу вас – оние со кои секојдневно се дружите – бргу ќе сфатите дека овие зборови се навистина точни.

Дури и ако сте во брак само неколку месеци, веќе сте согледале колку е само голем предизвикот да се остане во брак, а камоли да се биде среќен во бракот! Како тогаш да се изгради и зачува интимен, тесен, близок однос со вашиот сопружник? Како да се создаде сојузништво?

Интимноста за која зборуваме е интимност што секоја брачна двојка треба да ја создаде – во емоционална, финансиска, духовна и интелектуална смисла. Иако физичката интимност во бракот е важна, ако парот не ја доживува интимноста за која зборуваме тука, тој никогаш не може да ја искуси блискоста што им е потребна за долготраен брак. Дефиницијата за *интимност* во бракот, што

ја пронајдовме одамна во еден речник, кажува: „Нежна врска, поврзаност која се огледува во заемна грижа, одговорност, доверба, искрено изразување на мислите и чувствата, како и непречена размена на информации во врска со важни настани".

Дефиницијата на поимот „склучи завет" е едноставен: „Да се обединиме или поврземе со секоја заемна врска, како што се сличност или пријателство". Брачните двојки, кои се соединети во сојузништво, се многу блиску емотивно, финансиски, духовно и интелектуално, и настојуваат да се поддржуваат меѓусебно кога се соочуваат со некој предизвик кој доаѓа од надворешниот свет или од други луѓе.

Елена Вајт вели: „Колку внимателно и мудро да стапиле во брак, малку брачни партнери се целосно соединети веднаш по венчавката. Вистинска поврзаност на двајцата во брачната заедница настанува дури во годините што доаѓаат" (Темели на среќниот дом, стр 205 ориг.; Nashville: Soutern Pub. Assn., 1952).

Вистината за бракот гласи: без разлика колку долго две лица се познавале пред бракот и колку тие изгледале вклопени, бидејќи сите ние сме грешни и по природа себични, нашиот брачен однос природно ќе се насочи кон отуѓување и раздвоеност.

Сепак, постои добра вести која вели: Мажите и жените можат да станат блиски сојузници. Нашиот брак може да напредува. Ние можеме да избереме. Ние можеме да научиме да живееме со она што е лошо – и што конечно води до презир, горчина и оддалечување – или можеме да се бориме за добар брак.

Најдобрата одлука што можеме да ја донесеме за да станеме блиски сојузници е да сакаме, со Божја помош, одново да се поврзуваме секој ден, Бидејќи бракот е Божја замисла, и бидејќи Тој го создал бракот за да ни донесе благослов нам, на нашите семејства, на нашите соседи и нашиот свет, ние треба да веруваме дека Тој ќе ни даде и желба и сила кои се неопходни за да покажеме љубезност и трпение, а тоа ќе ни помогне нашиот брак да биде успешен.

Конечно, и новозаветниот стих во Евангелието според Матеј 19,26, вели: „„На луѓето ова им е невозможно, но за Бога сè е возможно." Затоа, ние мора да научиме да веруваме дека Бог ќе ни

помогне да имаме брак каков што посакуваме да имаме.

*Сабота, 25 мај 2018*

## 8. БИБЛИСКА ДЕФИНИЦИЈА ЗА ИНТИМНОСТА

Ако ја погледнеме библиската дефиниција за интимност – блискост за која зборува – старозаветниот текст од Првата Книга Мојсеева 2,25, вели: „А обајцата беа голи, човекот и неговата жена, но не се срамуваа“. Тој се однесува на повеќе отколку само физичка голотија – тоа подразбира и емоционална, и финансиска, и духовна и интелектуална оголеност.

Според тоа, да се биде интимен, близок, сојузник, значи да се биде до таа мера емотивно, финансиски, духовно и интелектуално поврзан со брачниот другар што си „гол“ и дека не се „срамуваш“. Оваа идеја за оголеност, значи дека ништо не стои меѓу вас и вашиот сопружник. Затоа, да се биде емотивно, финансиски, духовно и интелектуално гол, значи да се нема ништо што би криеле од вашиот брачен другар, бидејќи вие сте отворени еден кон друг, и ова е остварливо само тогаш кога ќе се изгради однос полн со меѓусебна доверба. Во суштина, тоа значи дека сте одлучиле да си верувате еден на друг, а тоа може да се случи само ако и двајцата покажете дека сте *достојни* за меѓусебната доверба.

И тоа нè носи назад до Божјата намера за бракот, која ја наоѓаме во новозаветниот текст, во Евангелието според Матеј 19,6: „Така што не се веќе двајца, туку едно тело. И така, што Бог соединил, човекот да не разделува!“

Единството за кое зборува библиската книгата Битие е вистинската тајна – дека две единки, маж и жена – во согласност со новозаветниот текст (од 1. Коринќаните 7,2), се здружуваат за да се создаде нов идентитет. Но, ова, сепак, не значи дека една личност станува потчинета на друга. Наместо тоа, имаме две посебни личности, со посебни карактеристики, со лични допаѓања или недопаѓања, кои одлучиле да станат обединети во „нас“ - да бидат „ние“. И затоа, кога еден од нив е повреден, и другиот го боли; кога едниот е среќен и другиот се радува, затоа што одлучиле да станат блиски сојузници.

Постои надеж за современите семејства само тогаш кога постои и јасно разбирање за она што го предизвикува одвојувањето и оддалечувањето во бракот, зашто брачните другари мора да го избегнуваат таквото однесување. Она што го знаеме, врз основа на истражувањата за бракот, е дека постојат пречки за создавање на единство, кое треба да постои меѓу сопружниците, за тие да станат блиски сојузници.

Од пречките, кои стојат на патот на единството, за кои зборуваме, ги издвојуваме појавите: (1) **самозаштита и страв од отфрлање,** (2) **грев и себичност,** (3) **недостаток на знаење.**

Поради она што многумина од нас го доживеале во периодот на растење, ние сме склони кон самозаштита и се плашиме од отфрлање секогаш кога некој има мислење поинакво од нашето. Ова се знаци на несигурност. Таквото однесување, за жал, е многу распространето во бракот. Се разбира, веќе го спомнавме фактот дека сите ние сме грешни. И овој факт е одговорен за постоењето на вкоренетата себичност. Ние сакаме сè да биде онака како што ние сметаме и велиме дека треба да биде, бидејќи ние така кажуваме. И ова го отежнува создавањето на блиски односи со друга личност, која може да мисли дека треба да постапуваме поинаку отколку што би сакале. И бидејќи што немаме доволно знаење, потребно за одржување блиски односи, не умееме да комуницираме добро. Не знаеме како да го решиме конфликтот. Не знаеме како да создадеме интимност во односите. И затоа, кога постојат вакви пречки во брачните односи, невозможно е да станеме блиски сојузници.

Да станете близок сојузник, значи да ги внесете следниве важни чинители во вашата брачна врска:

1. Најнапред, **единство,** кое го претставува искуството на „едно тело“ за кое зборува Библијата. Тоа е договор за емоционално, финансиско, духовно и интелектуално единство, кое треба да постои во секој успешен брак.

2. Потоа **истрајност,** која се однесува на решеноста да се остане во брак со избраниот брачен другар до смрт. Ова не значи дека Бог ќе престане да ве сака ако се разведете. Но, Бог го мрази разводот, бидејќи тој ги раздвојува и ги повредува луѓето. Се разбира, злоу-

потребата и неврството ја уништуваат брачната истрајност. Сето ова мора да се избегне по секоја цена, за да имате брачна врска каква што Бог би сакал да ја имате.

3. И конечно, **отвореност,** која подразбира искреност кон брачниот другар. Тоа е однос без срам. Тоа е средина полна со сигурност и грижа, бидејќи и мажот и жената јасно сфаќаат дека се во истиот тим и дека не мора да кријат ништо еден од друг.

Да се биде близок сојузник е одлука која се донесува и нè тера да бидеме трпеливи и љубезни кон својот брачен другар и да се заштитуваме еден со друг од секое надворешно влијание што се заканува да го загрози и уништи нашиот однос. Да се биде близок сојузник значи секојдневно да усвојуваме таков начин на размислување со кој брачната врска станува таква што ни носи среќа, исполнетост и задоволство.

*Сабота, 1 јуни 2018*

## 9. КОМУНИКАЦИЈА ЗАЧИНЕТА СО ЉУБЕЗНОСТ

Луѓето кои се одлучиле да имаат добра комуникација со своите сакани, имаат добри семејни односи. Кога ќе помислите на оние кои навистина ги сакате во вашето семејство, ќе ви биде лесно да сфатите дека тие се личности кои прават сè за да се чувствувате пријатно, со начинот на кој разговараат со вас и ве слушаат.

Ако сакате вашите семејни односи да бидат здрави и добри, важно е да научите да комуницирате љубезно, со благодат.

Кога велиме со *благодат*, мислиме на духовниот термин кој се однесува на Божјата незаслужена наклност и љубов, великодушно дарувани на човештвото. Благодатта е нешто што ние не сме го заслужиле. Исто како што Бог ни ги проштава нашите престапи, иако не го заслужуваме тоа, така и комуницирањето со благодатта подразбира да се обраќаме кон другиот онака како што не заслужил.

Во старозаветната книга Мудри изреки Соломонови 25,11 читаме: „Зборови кажани во право време, се златни јаболки во сребрени садови“.

Токму на тој начин може во семејството да се создаде живот исполнет со мир и среќа - користејќи ги зборовите како скапоцени дарови од злато и сребро, кои секојдневно можеме да си ги даруваме едни на други, дури и кога некој од нашите најблиски не го заслужува тоа. Дали знаете некој во вашето семејство со кого треба да комуницирате со благодат? На повеќето од нас лесно ни е да одговориме на ова прашање, бидејќи поголемиот дел од светската популација има роднина со кого имаат проблематичен однос.

**Луѓето кои малку размислуваат за создавање здрави семејни односи немаат контрола врз нивното однесување.** Наместо будно да внимаваат како ќе реагираат и како ќе одговорат, во разговорот со некој член на семејството, тие ги обвинуваат другите дека ја започнале расправијата и сметаат дека оправдано ги повредуваат. Таквите луѓе одговараат на *реактивен* наместо на *проактивен* начин. Тие не оставаат простор меѓу она што некој го кажува и нивните одговори, па дури и не размислуваат за последиците и влијанието што ќе го има тој одговор на меѓусебниот однос. Затоа тие не запираат, не размислуваат или не го избираат она што е добро за здрава врска со тој член на семејството.

Каква одговорност има сопругот чиишто чувства се повредени? Дали фактот што неговата сопруга рекла нешто што го повредило, му дава за право и тој да каже нешто што би ја повредило? Се разбира, не. Всушност, ова е прилика да се комуницира со благодат – тој да одговари онака како што таа можеби не заслужува. Тоа е вистинското значење на благодатта. Сега сопругот мора да застане, да размисли и да избере правилен одговор за да го одржи својот брачен однос здрав и силен, независно од тоа што кажала неговата сопруга.

Факт е дека, бидејќи сме само луѓе, дури и ако немаме намера да му наштетиме на член на семејството, неизбежно ќе кажеме или ќе сториме нешто што некого ќе повреди. Кога тоа ќе се случи, имаме прилика да се извиниме, а другата личност има можност да ја преземе одговорноста за она што го сторила, наместо да ја обвинува другата страна за преосетливост. Тогаш жената може да каже дека ѝ е жал што ги повредила чувствата на сопругот, иако ненамерно. Воедно таа може да одлучи да застане, да размисли и да го избере вистинскиот одговор за да помогне во изградбата на посилен и поздрав однос со нејзиниот сопруг.

Зборувајќи за успешните начини на љубезна комуникација, новозаветната мудрост е многу практична и корисна: „Секој човек да биде брз во слушањето, а бавен во зборувањето, бавен на гнев“ (Јаков 1,19).

Некои можеби мислат дека жените и децата треба да бидат тие што брзо ќе слушаат а бавни да зборуваат и да се налутат, но мудриот библиски совет кажува „секој човек да биде“ брз да чуе а бавен во зборувањето. Тоа значи дека никој во семејството не е исклучен од одговорноста да комуницира љубезно, да комуницира со благодат. И, често, добрата комуникација почнува **со учење** на вештините на успешно слушање за подобрување на семејните односи.

*Сабота, 8 јуни 2018*

## 10. НЕМА ОПРАВДУВАЊЕ ЗА НАСИЛСТВО ВО СЕМЕЈСТВОТО

Јасно е дека не мора да одиме далеку за да сфатиме дека насилството го зафатило целокупното човечко општество и дека во целиот свет, постојат случаи кои никогаш нема да се најдат на насловните страници.

Иако немаме можност да го држиме под контрола насилството во светот околу нас, радосната вест гласи дека ние, со Божја сила и помош, на располагање ни стои неограничена количина на самоконтрола и дека таа е достапна за секој оној кој ја бара и прифаќа. Божјата реч, Библијата, е полна со совети за градење на здрави и силни односи, особено во нашите семејства.

За жал, во многу случаи, насилниците го злоупотребуваат Светото Писмо и неговата теологија за да го оправдаат своето навредливо однесување. Покрај тоа, и многу добронамерни помагачи, исто така, ја злоупотребуваат Библијата за да ја убедат жртвата да продолжи да го поднесува семејното насилство. Нивната злоупотреба на Библијата може да биде опасна, па дури и смртоносна за жртвите кои го трпат. Одговорните општествени средини не можат повеќе да молчат за тоа.

Со молчење насилство во домот само се поддржува и не се постигнува никаква промена. Секоја општествена средина, а особено црквата, мора да се потруди да им помогне на семејствата да престанат со насилство како и да ги насочи кон создавање поздрава животна средина за развој на децата, младите и возрасните.

Кој и да е жртва, насилството во домот или семејството не е во согласност со Божјиот план за човечкото семејство.

Семејното насилство вклучува **физичка, сексуална и емоционална злоупотреба**. Не постои хиерархија на облиците – секој облик уништува.

**Физичкото злоставување** може да биде насочено кон постапки како што се туркање и удирање, но тие не можат да прераснат и во многу поопасни напади. Иако можеби може да започне со незначителни повреди, ваквото насилство може да заврши со убиство.

**Сексуално злоставување** може да се однесува на недозволиво допирање и вербални пораки. Силувањето, принудувањето и инцестот, исто така, спаѓаат во оваа категорија.

**Емоционалното злоставување** опфаќа постапки со кои поединецот се понижува или обезвреднува. Тоа вклучува вербални закани, изливи на лутина, навредливи зборови, сарказам, ароганција, барање совршенство и потценување на карактерот или личноста. Крајната посесивност, изолација и лишување на лицата ид економски средства се облици на психолошка или емоционална злоупотреба.

Не постои некој препознатлив профил на насилник или жртва. И едниот и другиот може да потекнува од сите возрасти и етнички групи, социо-економска класа, занимање, религиозни и нерелигиозни здруженија.

Во повеќето пријавени случаи на злоупотреба, насилникот е маж. Но насилник може да биде и жена. Во здрави, добри односи нема место за злоупотреба.

Насилниците сметаат дека имаат право да ги злоупотребуваат сите членови на семејството. Подготвеноста да се користи насилство, за да се воспостави контрола, потекнува од она што претходно го научиле. На различни начини, насилникот научил дека е во ред ако еден човек, кој е поголем и посилен - обично мажот - да ги тепа другите „за нивно добро“ или поради тоа што „ги сака“.

Насилниците го учат насилничкото однесување на најразлични начини, вклучувајќи го тука посматрањето на родителите и врсниците, извртување на библиското учење, и имитирање на она што го гледаат на медиумите – во шегите, цртаните филмови и филмовите – кои ги прикажуваат контролата и насилството како нормален дел на меѓучовечките односи. А понекогаш и самите жртви помислуваат дека самите се причина за злоупотребата. Но, тоа не е вистина. Однесувањето на жртвата не го предизвикува насилното однесување на злоставувачот. Насилникот има контрола над насилството што се врши, а жртвата нема.

Ако во вашиот дом се вовлекла злоупотреба и насилство, уште денеска ве повикуваме да го ослободите вашиот дом и вашите односи од сето тоа. Ве молиме сесрдно да станете свесни за неговото постоење и да побарате совет и стручна помош, што е можно поскоро, за да може да се започне процесот на исцелување. Еден таков чекор уште денеска ќе влее поголема надеж во вашето семејство.

*Сабота, 15 јуни 2018*

## 11. СПРЕЧУВАЊЕ НА БРАЧНИ ПРОБЛЕМИ И РАЗВОД

Не е потребно некое претерано внимателно посматрање за човек да сфати дека бракот како институција е во криза насекаде во светот. Секој познава некој или е поврзан со двојка која доживеала развод. А во земјите каде што не е законски дозволен, многу двојки се раздвојуваат, живеат одвоено, во иста куќа или живеат во голема напнатост. Сигурно и многу од нас, лично или во животот на некој близок, почувствувал болка која може да создаде затегнати односи.

Имајќи ја предвид оваа поразителна реалност, како една брачна двојка може доживотно да остане во брак и да биде среќна? Како брачна двојка во модерна општествена средина да изгради брак кој ќе трае цел живот, и воопшто да живее „среќно“? Можат ли да се спречат брачните проблеми и разводот? Па, добрата вест гласи дека сопружниците можат да останат во доживотен и среќен брак, дека

можат да ја намалат напнатоста и да не завршат со постапка за развод.

Повеќето од нас слушнале или имале лично искуство на *вљубување*. Барем тоа така се нарекува во современиот свет. Тоа е оној вртоглав и возбудлив наплив на чувства кога некој ќе сретне личност што го привлекува – но тоа не е вистинска љубов. Тоа е само природен одговор на телото на неврохемикалите кои се лачат во лимбичкиот систем на мозокот, кога некој ќе ја види личноста што му се допаѓа. Подобар збор за ова е „заслепување“, „занесеност“ или замаеност.

Друг важен факт е дека тоа вртоглаво чувство не може да се одржи со истата личност, ако не сте решиле секојдневно позитивно да се поврзувате. Моќната сила, која нѐ поврзувала во почетокот почнува да бледнее кога ќе престанеме да го правиме сето она што било убаво на почетокот на врската и кога ќе треба да се грижиме за секојдневните животни обврски. Кога романтичните чувства ќе исчезнат, луѓето се учат да веруваат дека тие поминале и повеќе не се вљубени.

Чувството на *вљубеност* е прекрасно. Но односите се динамични и постојано се менуваат. И затоа, колку и да се чини љубовта длабока, таа се темели само на чувства, и на исклучително плитко ниво на посветеност, кое со време ќе избледи или исчезне. Но со многу труд, време, посветеност и волја да се одржи, може да се развие и сочува – или повторно да се разгори – љубов која е на задоволително ниво, стабилна и долговечна.

Градењето успешен брак е како да градите куќа. Потребно е да се има **план** и **подготвеност** за многу напорна работа. Ќе спомeнеме пет основни чекори за изградба на силен и здрав брак.

**1. Изградете го вашиот брак на вистинска љубов**

Вистинската љубов бара разбирање за меѓусебните потреби и подготвеност понекогаш да се покаже и самооткажување со цел да се зачуваат односите. Вистинската љубов бара многу сила и пожртвуваност, но прави да бидеме решителни во намерата да создадеме најдобар можен брак.

**2. Прифати ги меѓусебните мани и недостатоци**

Кога сме во брак, мораме да научиме да се цениме еден со друг

и да прифаќаме дека не сме совршени. Нашиот брак треба да биде исполнет со благодат. А благодатта е нешто што им го даваме на другите, дури и тогаш кога не го заслужиле тоа.

**3. Слушајте се еден со друг**

Во повеќето односи каде што има поплаки, тие се должат на неисполнети потреби – најчесто поради недостаток на внимателно слушање. Двојките, кои имаат добра комуникација, знаат дека активното слушање е неопходен фактор за успешен брак.

**4. Често проштавање**

Проштавањето го отвора патот до исцелување и помирување во секој меѓусебен однос.

**5. Повеќе прегратки.**

Повеќето двојки едвај ја дочекуваат свадбата за да уживаат во физичките благодети на бракот. Но, кога ќе започне секојдневниот живот и кога новитетот на бракот згаснува, забораваме да го правиме она што сме го правеле на почетокот. Прегратката е лесен начин за ново секојдневно поврзување.

Ако сте подготвени да ги примените овие постапки во градењето на вашиот брак, ќе изградите брак кој ќе се спротивстави на животните бури. Иако секој брак во некојмомент ќе доживее нешто проблематично, тој не мора да се сруши кога ќе наиде на бура. Брачните двојки кои научиле да работат заедно како тим, и во добро и во зло, ќе видат дека нивниот брак не само што ќе преживее туку и ќе истрае, и дека тие ќе „живеат засекогаш среќно“!

*Сабота, 22 јуни 2018*

## 12. ПРОНАОЃАЊЕ МИР ВО САМЕЧКИОТ ЖИВОТ

Факт е дека стапувањето во брак е релативно лесно; останувањето во брак е многу потешко. Што тогаш треба да направи еден сам човек, маж или жена, додека не ја најде вистинската личност за брак, имајќи ги предвид многу силните сексуални повици и секогаш присутните сексуални пораки во денешниот постмодернистички свет?

Додека го истражуваме ова мошне важно прашање, важно е да се истакне дека сексуалноста е Божја замисла и дека несомнено е добра за човекот. Сепак, сето она што Бог го создал за наше добро, злото се обидува да го уништи. Како и во искуството на Ева со змијата во едемската градина, тој злобен непријател продолжува да нуди привлечна замена за Божјите животворни совети, надевајќи се дека ќе ги прифатиме неговите лаги, кои на крајот ќе нè ни донесат болка и страдања.

Говорејќи за правилен почеток во размислувањата, Стивен Кави (Stephen Covey), во својата книга „Седум навики на високо успешно семејство" (The 7 Habits of Highly Effective Families), вели дека многу важна е навиката број два, која се однесува на размислувањето за крајот. Оваа навика ја споредува со авион. Кога авионот лета од едно до друго место, пилотот мора да направи план за летање, имајќи ја предвид крајната дестинација. Ова е од клучно значење, бидејќи за време на патувањето често се јавуваат бури, што предизвикува пилотот да одлучи да се издигне над нив или да ги заобиколи. Но, бидејќи планот на летот е создаден со јасна цел во умот, сè додека пилотот го има овој план, постои поголема веројатност авионот да се спушти на крајната дестинација, во приближно закажаното време.

Истото важи и за нашиот живот. Уште на самиот почеток на патувањето треба јасно да ја дефинираме крајната цел за себе и за нашиот однос. И штом ќе се согласиме околу тоа каков начин на живот сакаме да имаме, ќе треба да создадеме и објава на намерата, која ќе нè насочи кон дестинацијата што сме ја избрале. Нашиот план на летање до таа дестијнација, ќе ги опфати нашите вредности. Мора да утврдиме кои вредности ќе ги почитуваме за време на летот а кои ќе ги избегнуваме, за да можеме безбедно да стигнеме до животната дестинација што ја имаме на ум.

Ако при летот планираме нашиот живот да биде исполнет со вредностите што се наоѓаат во Библијата, која сме ја избрале за свој морален компас, најверојатно, успешно ќе пристигнеме на одредиштето што сме го одбрале на почетокот на патувањето.

Една од стапиците што води до сексуален неморал се човековите мисли. Она за што човекот размислува е крајно поврзано со она

што го гледа или слуша. Никогаш порано во историјата на човештвото влијанието на неморални содржини што ги гледаме и слушаме, не било толку големо како денес. На многу начини, интернетот им го олеснува животот на луѓето насекаде во светот, но во исто време, и повеќе од кога било, отежнува да се одржи зачува човечкиот морал. Со компјутерите, таблетите и паметните телефони, достапни за голем број луѓе, стана вистински предизвик за секого да остане навистина морална личност. А важно е да се напомене и тоа дека самците не се единствените кои се изложени на ова искушение, туку тоа подеднакво го дебне секое човечко суштество – било да е во брак или не. Затоа, Библијата, во Мудрите изреки на Соломон 4,23, вели: „А над сѐ чувај го своето срце, зашто животот извира од него."

За да го најдеш својот мир, иако си сам, важно е рано да ги одредиш своите вредности, да одлучиш да ги држиш и да имаш доверба во Бога, кој ќе ти даде морална сила да живееш според тие вредности секој ден.

*Сабота, 29 јуни 2018*

## 13. НАГРАДА НА ЗЕМЈАТА И НА НЕБОТО

Едно добро средено христијанско домаќинство е силен доказ во прилог на вистинската христијанска вера – доказ што никој не може да го побие.

Нам ни се потребни повеќе радосни родители и повеќе весели христијани. ... Родители, врз вас почива одговорноста да бидете извор и носители на светлина! Бидете како сончеви зраци во својот дом, осветлувајќи го патот по кој вашите деца треба да чекорат. Ако правите така, вашата светлина ќе ги осветли и оние надвор од вашиот дом.

Ако родителите добро ги воспитаат децата, тие и самите ќе бидат среќни кога ќе го видат плодот на својот труд во христијанскиот карактер на своите деца. Тие ќе ја исполнат највозвишената служба за Бога ако на светот му предадат среќни и добро изградени семејства, кои не само што се плашат од Господа туку и го почитуваат и го

прославуваат со своето влијание на другите семејства; и ќе ја примат наградата.

Христијански родители, ваша должност е да управувате со чекорите на вашите деца и со нивниот духовен живот...

Награда ги чека оние кои рано го сеат семето на вистината во срцето и го негуваат.

Родителите треба да работат, имајќи ја на ум идната жетва. Тие треба сериозно да се молат, додека со солзи сеат и покрај многуте обесхрабрувања... Во времето на жетва многу родители ќе се враќаат со радост носејќи ги своите снопови.

Оддалеченоста меѓу небото и земјата денес не е поголема отколку во времето кога пастирите ја слушале ангелската песна. Небото и денес се грижи за човештвото со исто толку љубов како и тогаш кога обичните луѓе, зафатени со обични занимања сретнувале ангели среде бел ден и разговарале со небесните гласници по полињата и лозјата. За нас небото може да биде многу близу додека чекориме по патеките на своето секојдневие. Ангелите од небесните дворови ќе ги следат стапките на оние кои се покоруваат на Божјите заповеди.

Животот на Земјата е почеток на животот на небото; воспитувањето добиено на Земјата започнува да нè подготвува да живееме според начелата на небото; нашиот живот овде нè подготвува за животниот повик таму. Она што сме сега тука, според карактерот и светата служба, е сигурен предвесник на она што ќе бидеме таму.

Бог копнее да се исполни небесниот план – во секое семејство, во секоја црква и во секоја институција да владеат небесниот ред и хармонија. Кога оваа љубов ќе ги раздвижи срцата, во општеството ќе го видиме дејството на благородните начела во христијанското однесување, пројавување на христијанска срдечност и учтивост, како и христијанска љубов кон оние кои се откупени со Христовата крв. Духовната преобразба ќе се види во сите наши семејства, во секоја наша институција, во нашите цркви. Кога ќе настапи таа преобразба, домовите, институциите и црквите ќе станат орудие со кое Бог ќе се послужи со небесната светлина да го осветли светот и така, со божествен ред и воспитување, да ги оспособи мажите и жените за небесното општество.

*Градиво за саботна школа*

За подобра саботна школа

2/2019

Излегува тримесечно

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Подготвил: Мелита Томовска

Коригирал: Томе Трајков

Одговара: Томе Трајков

За интерна употреба